Врз основа на член 65 став(6) од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и Сл. Весник на РМ бр.89/22, 171/22, 3/25 и 124/25), Министерството за транспорт, на ден __________ година, донесе

Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за бензинска пумпна станица со придружни и услужни објекти на патен правец (експресен пат) А1: Прилеп – Градско, делница: од мост на р.Раец преку ДПЈ Дреново до ДПЈ Градско, од км 3+025,32 до км 3+780,00 (од лева страна), КО Раец, Општина Кавадарци**, кој се носи согласно Законот за урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува Министерство за транспорт на следната веб адреса/и: www.mtc.gov.mk
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за бензинска пумпна станица со придружни и услужни објекти на патен правец (експресен пат) А1: Прилеп – Градско, делница: од мост на р.Раец преку ДПЈ Дреново до ДПЈ Градско, од км 3+025,32 до км 3+780,00 (од лева страна), КО Раец, Општина Кавадарци**, нема да има негативно влијание врз животната средина.
4. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната www.mtc.gov.mk.

Бр.07-5723/5
Датум:04.08.2026
Место: Скопје

Министер,
Александар Николоски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ СКОПЈЕ